СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

...ЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 22 мај 1987

БЕЛГРАД

БРОЈ 35 ГОД. XLIII

Цена на овој број е 360 динари. – Аконтација на претплатата за 1987 година изнесува 6.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристика бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756

Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51

481.

Врз основа на чл. 21 и 123 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/85, 38/86 и 67/86), по прибавеното мислење од Стопанската комора на Југославија, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ НА ФОРМИ НА ИЗВОЗОТ И УВОЗОТ

1. Во Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот („Службен лист на СФРЈ", бр. 69/85, 11/86, 23/86, 28/86, 61/86, 64/86 и 13/87), во Списокот на стоките со форми на извозот и увозот, во тар. бр. 41.01 под 3, 4 и 5 во колоната 6 кратенката: „С" се брише.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 138
23 април 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

482.

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за заштита на растенијата од болести и штетници што ја загрозуваат целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 49/76 и 43/82), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ВИСОЧИНАТА НА НАДОМЕСТОТ ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЗДРАВСТВЕН ПРЕГЛЕД НА РАСТЕНИЈАТА ВО ПРОМЕТОТ ПРЕКУ ГРАНИЦАТА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. За задолжителен здравствен преглед на растенијата во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија се наплатува надомест.

2. Височината на надоместот за задолжителен здравствен преглед на пратките на растенија што се извезуваат, увезуваат и реекспортираат, зависно од видот на пратката изнесува, и тоа:

1) за вагонски и камионски пратки и за пратки во контејнери до 10 тони – 550 динари, а за секоја натамошна тона односно започната тона во пратката преку 10 тони – уште по 50 динари;

2) за бродски пратки – 20 динари по една тона, а најмалку 550 динари за една пратка;

3) за денковни и авионски пратки до три колети – 550 динари, а за секој натамошен колет – уште по 20 динари;

4) за поштенски пратки до 10 килограми – 120 динари, а за секој натамошен килограм – уште по 20 динари;

5) за пратки што патниците и персоналот на превозни средства го носат со себе, до 10 килограми – 100 динари, а за секои натамошни започнати 10 килограми – уште по 20 динари;

6) за пратки од дрво (трупци, режана граѓа, јамско дрво, разни видови преработки од дрво, и др.), – 25 динари за секој кубен, односно просторен метар, а за пратки на целулозно и огревно дрво – 18 динари за секој кубен, односно просторен метар;

7) за помошни прегради од штици на брод или на шлеп кои се отстрануваат од нив по употребата – 200 динари за секој кубен метар;

8) за преглед на остатоци од товарот од растително потекло по чистењето на бродот односно шлепот – 1.500 динари за брод односно шлеп.

3. Височината на надоместот за задолжителен здравствен преглед на пратки на растенија што во провоз низ Социјалистичка Федеративна Република Југославија се претоваруваат или се провезуваат во отворени превозни средства, зависно од видот на пратката, изнесува, и тоа:

1) за вагонски и камионски пратки, освен за пратки на дрво, до 10 тони – 350 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 10 динари;

2) за вагонски и камионски пратки на дрво, до 10 кубни односно просторни метри – 350 динари, а за секој натамошен кубен односно просторен метар на дрво – уште по 10 динари;

3) за бродски пратки, освен пратки на дрво, до 10 тони – 350 динари, а за секоја натамошна започната тона – уште по 5 динари;

4) за бродски пратки на дрво до 10 кубни односно просторни метри – 350 динари, а за секој натамошен кубен односно просторен метар – уште по 5 динари.

4. Височината на надоместот за задолжителен здравствен преглед на семе и посадочен материјал се зголемува за 100% од височината на надоместот определен во одредбите под 1 до 5 на точка 2 и во одредбите под 1 и 2 на точка 3 од оваа одлука.

5. За празна амбалажа од растително потекло што се враќа во Социјалистичка Федеративна Република Југославија, а служела за испраќање на пратки на растенија, се плаќаат 50% од височината на надоместот определен во одредбите под 1 до 3 на точка 2 од оваа одлука.

6. Ако увозникот, извозникот односно провозникот бара да се прегледа амбалажата за стоки што не подлежат на задолжителен здравствен преглед, се плаќа надомест како за вагонски односно бродски пратки.

7. Ако извозникот навремено не ги подготви стоките за задолжителен здравствен преглед а го повика инспекторот за заштита на растенијата да ги прегледа стоките и ако инспекторот излезе на местото на натоварот во определено време, извозникот е должен на име на денгуба на инспекторот да му плати 3.000 динари по еден час чекање.

8. Височината на надоместот за преглед на пратките од точ. 2 до 7 на оваа одлука кој се врши во текот на ноќта и во денови на државни празници се зголемува за 50% од височината предвидена во точ. 2 до 7 на оваа одлука.

9. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за височината на надоместот за вршење на задолжителен здравствен преглед на растенијата во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 64/86).

10. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 142
23 април 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател
Јанез Земљарич, с. р.

483.

Врз основа на член 10 став 1 од Законот за преминување на државната граница и за движење во граничниот појас („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/79, 56/80 и 53/85), Сојузниот извршен совет донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СЕЗОНСКИТЕ ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ ПОМОРСКИ СООБРАЌАЈ

1. За преминување на државната граница се определуваат сезонските гранични премини за меѓународен поморски сообраќај Изола, Новиград, Примоштен, Хвар, Котор и Будва.

2. Граничните премини Новиград, Примоштен, Хвар, Котор и Будва ќе работат од 22 мај до 31 октомври, а граничниот премин Изола од 22 мај до 30 септември 1987 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 152
7 мај 1987 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
Јанез Земљарич, с. р.

484.

Врз основа на член 265 од Законот за воздушната пловидба („Службен лист на СФРЈ", бр. 45/86), претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА СТРУЧНАТА ПОДГОТОВКА, СТРУЧНАТА ОБУКА, ИСПИТИТЕ, ДОЗВОЛИТЕ И ОВЛАСТУВАЊАТА НА ВОЗДУХОПЛОВНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И НА ВОЗДУХОПЛОВНИОТ ПЕРСОНАЛ НА ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат стручната подготовка, стручната обука, испитите и другите услови што мора да ги исполнува воздухопловно-техничкиот персонал и воздухопловниот персонал на техничка подготовка, дозволите и овластувањата за вршење на определени стручни работи (во натамошниот текст: овластувањата).

Во воздухопловно-технички персонал, во смисла на овој правилник, спаѓа, воздухопловен механичар, а во воздухопловен персонал на техничка подготовка - воздухопловен техничар и воздухопловен инженер на техничка подготовка.

Член 2

На лице кое има стручна подготовка пропишана со овој правилник, кое е стручно обучено и кое ги исполнува пропишаните здравствени услови, а кое ќе положи испит за вршење на определена стручна работа, му се издава дозвола односно му се запишува во дозволата овластување за вршење на таа работа.

Член 3

При првото стекнување на дозвола се полага и посебен испит за вршење на определена стручна работа.

Во дозволата од став 1 на овој член може да се запише и новото овластување само ако лицето ја завршило стурчната обука, ако на работите за кои стручно се обучува го поминало пропишаното време и ако положи посебен испит за вршење на таа работа.

Член 4

На лицето кое спаѓа во воздухопловно-технички персонал му се издава дозвола за воздухопловен механичар, и тоа:

1) за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип II);

2) за обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип I).

Член 5

На лицето кое спаѓа во воздухопловниот персонал на техничка подготовка му се издава:

1) дозвола за воздухопловен техничар на техничка подготовка;

2) дозвола за воздухопловен инженер на техничка подготовка.

Член 6

Дозволите од чл. 4 и 5 на овој правилник се издаваат, зависно од специјалноста, за змеј, мотор и системи (AMS) и инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE).

Член 7

Обемот на теоретскиот дел на испитот од чл. 12, 29 и 34 на овој правилник, зависно од видот односно типот на дозволата и од обемот на теоретскиот дел на посебниот испит за вршење на определена стручна работа зависно од овластувањето што се запишува во дозволата, се утврдува со програмата за стручно обучување и проверување на стручноста на воздухопловно-техничкиот персонал и со програмата за стручно обучување и проверување на стручноста на воздухопловниот персонал на техничка подготовка.

Член 8

Наведените изрази и скратеници во смисла на овој правилник употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) змеј е структурата на воздухоплов, командна површина и стоен трап;

2) AMS - змеј, мотор и системи;

3) IRE - инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема;

4) APU - мотори на помошен извор на моќност;

5) INS - инерцијален навигационен систем;

6) VHF - комуникационен систем со мошне висока зачестеност;

7) HF - комуникационен систем со висока зачестеност;

8) ADF - радиокомпас;

9) VGR - сенасочен радиофар со мошне висока зачестеност;

10) ILS - систем за инструментално слетување;

11) AFCS - систем за автоматско летање;

12) ICAO - Меѓународна организација за цивилно воздухопловство;

13) Голема измена односно ГОЛЕМА ПОПРАВКА на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов е измена односно поправка која е од непосредно влијание врз исполнувањето на барањата што се пропишани во соодветните технички услови за пловидбеност на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

14) МАЛА ИЗМЕНА односно МАЛА ПОПРАВКА на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов е онаа измена односно поправка која поединечно не влијае непосредно врз исполнувањето на соодветни технички услови за пловидбеност, но ако не се изврши или ако настанат поголем борј на мали дефекти, може да дојде до отстапување од соодветните технички услови за пловидбеност.

II. ВОЗДУХОПЛОВЕН МЕХАНИЧАР

Член 9

Стручна обука за практичниот дел на испитот за стекнување на дозвола односно за упис на овластување на воздухопловниот механичар за одржување односно обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов,

може да се врши само под надзор на лице кое има дозвола и запишано соодветно овластување.

Надзорот од став 1 на овој член може да го врши едно лице најмногу над шест лица.

Член 10

Кандидатот за полагање испит за стекнување на дозвола за воздухполовен механичар за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухплов (тип II) односно за обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип I) мора да има најмалку завршен четвтри степен на стручна подготовка на машинско односно електротехничко училиште од воздухпловна насока.

Член 11

Кандидатот за полагање на испит за стекнување на дозвола за воздухпловен механичар мора да има потребно работно искуство, и тоа:

1) за дозвола од типот II – најамлку две години на работи на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

2) за дозвола од типот I – најмалку три години на работи на обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов.

Член 12

Теоретскиот дел на испитот за стекнување на дозвола за воздухпловен механичар за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип II) односно за обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип I) опфаќа:

1. за змеј мотор и системи (AMS):

а) теорија на летањето (аеродинамика и механика на летањето);

б) машински елементи;

в) конструкција на воздухоплов;

г) сисдтеми на воздухоплов;

д) мотори на воздухоплов;

ѓ) инструменти на воздухоплов;

е) авиоелектрика;

ж) радиоуреди и електроника на воздухоплов;

з) воздухпловни материјали, гориво и мазиво со методите за нивно испитување;

s. организација и систем на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

и) воздухпловни прописи;

ј) познавање на англиски јазик или на други јазик на ICAO.

2. за инструменти, радиоуреди (електронска опрема), електроопрема (IRE):

а) аеродинамика;

б) констуркција на воздухоплов;

в) системи на воздухоплов;

г) мотори на воздухоплов;

д) инструменти на воздухоплов;

ѓ) радиоуреди и електроника на воздухоплов;

е) радиоелектрика;

ж) радио и радарски навигациони средства;

з) електронски цевки и транзитори;

s) радиотест-опрема;

и) воздухпловни материјали со методите за нивно испитување;

ј) организација и систем на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

к) воздухпловни прописи;

л) познавање на англиски или на друг јазик на ICAO.

Кандидатот за полагање на испит за стекнување на дозвола од став 1 на овој член кој завршил четврти степен на стручна подготовка на машинско односно електротехничко училиште од воздухпловна насока се ослободува од полагање на теоретскиот дел на испитот од оние предмети што биле опфатени со претходното школување, ако тој обем му одговара на обемот утврден во програмата за стручно обучување и проверување на стручноста на воздухпловно-техничкиот персонал, освен од полагање на предметите организација и систем на одржување на воздухоплов и воздухпловни прописи.

Член 13

Во дозволата за воздухпловен механичар за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип II) за змеј, мотор и системи (AMS), може да се запише овластување за вршење на работи од областите:

1. воздухоплови од општа категорија од определен тип (збирно овластување за змеј, мотор и системи).

2. воздухоплови од сообраќајна категорија од определен тип (збирно овластување за змеј, мотор и системи или поединечно овластување), односно за:

1) змеј;

2) системи на воздухоплови:

– систем на команди на летање;

– хидрауличен систем и стоен трап;

– пневматски систем;

– систем за гориво.

3. мотори со опрема (погонска група) на воздухоплов од сообраќајна категорија од определен тип.

4. мотори со помошен извор на моќност (APU).

Член 14

Во дозволата за воздухпловен механичар за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип II) за инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE) може да се запише овластување за вршење на работи од областите:

1. воздухоплови од општа категорија.

2. воздухоплови од сообраќајна категорија (збирно овластување или поединечно овластување), односно за:

– инструменти;

– радиоуреди (електронска опрема);

– електроопрема.

Член 15

Во дозволата за воздухпловен механичар за обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип I) за змеј, мотор и системи (AMS) може да се запише овластување на вршење на работи од областите:

1. воздухоплови од општа категорија од определен тип (збирно овластување за змеј, мотор и системи).

2. воздухоплови од сообраќајна и општа категорија од определен тип (збирно овластување за змеј, мотор и системи или поединечно овластување), односно за:

а) змеј на воздухоплов:

– метални конструкции;

– дрвени конструкции;

– пластични конструкции;

б) системи на воздухоплов:

– систем на команди на летање;

– хидрауличен систем и стоен трап;

– пневматски систем;

– систем за гориво;

– систем на опрема за случај на опасност.

3. мотори (погонска група) со опрема од определен тип, со испитување на пробна маса.

4. елиса и ротор од определен тип.

5. мотори со помошен извор на моќност (APU) од определен тип, со испитување на пробна маса.

6. испитување на воздухоплов, мотор и опрема на воздухоплов со методи без разорнување на материјалот (NDT).

Член 16

Во дозволата за воздухпловен механичар за обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов (тип I) за инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE), може да се запише овластување за вршење на работи од областите:

1. систем на воздухоплов од сообраќајна и општа категорија од определен тип (збирно овластување или поединечно овластување), односно за:

а) инструменти;

б) радиоуреди (електронска опрема);

в) електроопрема.

2. систем на воздухоплов од сообраќајна и општа категорија од определен тип (поединечно овластување), односно за:

а) покажувачи на геопотенцијална височина и сметачи на податоци на воздушна струја;

мора да има завршено најмалку четврти степен на стручна подготовка на машинско односно електротехничко училиште од воздухопловна насока и најмалку две години работно искуство на соодветни работи.

Член 29

Теоретскиот дел на испитот за стекнување дозвола за воздухопловен техничар за техничка подготовка опфаќа следното:

1. за змеј, мотор и систем (AMS):

а) теорија на летањето (аеродинамика и механика на летањето);

б) машински елементи;

в) конструкција на воздухоплов;

г) системи на воздухоплов;

д) мотори на воздухоплов;

ѓ) инструменти на воздухоплов;

е) авиоелектрика;

ж) радиоуреди и електроника на воздухоплов;

з) воздухопловни материјали, горива и мазива со методи за нивно испитување;

ѕ) организација и систем на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

и) воздухопловни прописи;

ј) знаење на англиски или на друг јазик на ICAO.

2. за инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE):

а) аеродинамика;

б) конструкција на воздухоплов и системи;

в) мотори на воздухоплов;

г) електрика и електрични мерења;

д) електроника на воздухоплов;

ѓ) електрокомуникациона техника и мерења;

е) инструменти на воздухоплов;

ж) радиоуреди на воздухоплов (електронска опрема);

з) воздухопловни електротехнички материјали;

ѕ) организација и систем на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

и) воздухопловни прописи;

ј) знаење на англиски или на друг јазик на ICAO.

Кандидатот за полагање на испитот за стекнување на дозволата од став 1 на овој член кој завршил четврти степен на стручна подготовка на машинско односно електротехничко училиште од воздухопловна насока се ослободува од полагање на теоретскиот дел на испитот од оние предмети што биле опфатени со претходното школување, ако тој обем, му одговара на обемот утврден во програмата за стручно обучување и проверување на стручноста на воздухопловниот персонал за техничка подготовка, освен од полагањето на предметите организација и систем на одржување на воздухоплов и воздухопловни прописи.

Член 30

Во дозволата за воздухопловен техничар за техничка подготовка за змеј, мотор и системи (AMS) може да се запише овластување за вршење на работите од областите:

1) воздухоплови од општа и сообраќајна категорија од определен тип (збирно овластувње за змеј, мотор и системи);

2) воздухоплови од општа и сообраќајна категорија од определен тип (збирно овласутвање за змеј, мотор и системи или поединечно овластување), односно за:

а) змеј на воздухоплов:

- метални конструкции;
- дрвени конструкции;
- пластични конструкции;

б) системи на воздухоплов:

- систем на команди на летање;
- хидрауличен систем и стоен трап;
- пневматски систем;
- систем за гориво;
- систем на опрема за случај на опасност;

3) мотори (погонска група) со опрема од определен тип, со испитување на пробна маса;

4) елиса и ротор од определен тип;

5) мотор со помошен извор на моќност (APU) од определен тип, со испитување на пробна маса;

6) испитување на воздухоплов, мотор и опрема на воздухоплов со методи без разорување на материјалот (NDT).

Член 31

Во дозволата за воздухопловен техничар за техничка подготовка за инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE) може да се запише овластување за вршење на работи од областите:

1) систем на воздухоплов од сообраќајна и општа категорија од определен тип (збирно овластување или поединечно овластување), односно за:

а) инструменти;

б) радиоуреди (електронска опрема);

в) електроопрема;

2) систем на воздухоплов од сообраќајна и општа категорија од определен тип (поединечно овластување), односно за:

а) покажувачи на геопотенцијална височина и сметачи на податоци на воздушна струја;

б) жироскопски и компас системи;

в) инерцијални навигациони системи (INS) и системи за оптимализација на перформанси на летањето;

г) системи за автоматско летање;

д) радиокомуникациони системи (VHF, HF);

ѓ) радионавигациони системи (ADF, VOR, ILS);

е) микробранова навигација;

ж) авионискофреквентна електроника;

з) електро-системи;

ѕ) контролни електро-системи;

и) електрокомпоненти на систем за климатизација и пресуризација.

Член 32

Врз основа на дозволата воздухопловниот техничар за техничка подготовка може да врши работи на изработка на техничко-технолошка документанција (работни картички, технолошки постапки, поедноставни листи за испитување на исправноста на уредите, поедноставни листи за функционални проверки и др.) за користење, одржување, превентивно одржување и измени на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов.

IV. ВОЗДУХОПЛОВЕН ИНЖЕНЕР ЗА ТЕХНИЧКА ПОДГОТОВКА

Член 33

Кандидатот за полагање на испитот за стекнување дозвола за воздухопловен инженер за техничка подготовка мора да има завршен најмалку седми степен на стручна подготовка, машински факултет - воздухопловна насока односно електротехнички факултет и најмалку две години работно искуство на соодветни работи.

Член 34

Теоретскиот дел на испитот за стекнување на дозвола за воздухопловен инженер за техничка подготовка то опфаќа следното:

1) за змеј, мотор и системи (AMS):

а) теорија на летањето (аеродинамика и механика на летањето);

б) машински елементи;

в) конструкција на воздухоплов;

г) системи на воздухоплов;

д мотори на воздухоплов;

ѓ) инструменти на воздухоплов;

е) авиоелектрика;

ж) радиоуреди и електроника на воздухоплов;

з) воздухопловни материјали, горива и мазива, со методи за нивно испитување;

ѕ) организација и систем на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов;

и) воздухопловни прописи;

ј) знаење на англиски или на друг јазик на ICAO;

2) за инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE):

а) аеродинамика;
б) конструкција на воздухоплов и системи;
в) мотори на возудхоплов;
г) електрика и електирчни мерења;
д) електроника на воздухоплов;
ѓ) електрокомуникациона техника и мерења;
е) инструменти на воздухоплов;
ж) радиоуреди на воздухоплов (електронска опрема);
з) воздухопловни електротехнички материјали;
ѕ) организација и систем на одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на водзухоплов;
и) воздухопловни прописи;
ј) знаење на англиски или на друг јазик на ICAO.

Кандидатот за полагање на испитот за стекнување на дозволата од став 1 на овој член кој завршил седми степен на стручна подготовка – машински факултети од воздухопловна насока односно електротехнички факултет се ослободува од полагање на теоретскиот дел на испитот од оние предмети што биле опфатени со претходното школување, ако тој обем му одговара на обемот утврден во програмата за стручно обучување и проверување на стручноста на воздухопловниот персонал за техничка подготовка, освен од полагањето на предметите организација и систем на одржување на воздухоплов и воздухопловни прописи.

Член 35

Во дозволата за воздухопловен инженер за техничка подготовка за змеј, мотор и системи (AMS) може да се запише овластување за вршење на работи од областите:

1) воздухоплови од општа категорија (збирно овластување за змеј, мотор и системи).

2) воздухоплови од сообраќајна категорија (збирно овластување за змеј, мотор и системи.

3) клипни мотори со опрема, елиси и ротори.

4) млазни мотори со опрема и мотори со помошен извор на моќност (APU) со опрема.

Во дозволата за воздухопловен инженер на техничка подготовка за инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE) може да се запише овластување за вршење на работи од области (збирно овластување или поединечно овластување), односно за:

1) инструменти;
2) радиоуреди (електронска опрема);
3) електроопрема.

Член 36

Врз основа на дозволата воздухопловниот инженер за техничка подготовка може да врши работи на проектирање на технички систем за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов; проектирање на систем за следење на сигурноста на работата на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов; изработка на нова технолошка постапка за користење, одржување и измена на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов; изработка на техничко-технолошка документација (стандардни процедури, листи за испитување на исправноста на уредите, листи за функционални проверки и др.) за користење, одржување и измени на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и одобрување и заверување на листите на одложените работи.

Член 37

Во дозволата за воздухопловен инженер за техничка подготовка, покрај овластувањето од член 35 на овој правилник, може да се запише и овластување за вршење на работи на контролор на квалитетот на работите.

Член 38

За полагање на посебниот испит за стекнување овластување за вршење на работите на контролор за квалитетот воздухопловниот инженер за техничка подготовка на работите мора да ги исполнува следните услови:

1) да има важечка дозвола за воздухопловен инженер на техничка подготовка;

2) најмалку пет години по стекнувањето на дозволата да вршел работи на воздухопловен инженер на техничка подготовка.

Член 39

Теоретскиот дел на посебниот испит за стекнување на овластување за вршење на работи на контролор на квалитетот на работите опфаќа:

1) организација и систем за одржување на воздухоплов;

2) постапки за техничка контрола на квалитетот на работите;

3) воздухопловни прописи.

Член 40

Врз основа на дозволата и запишаното овластување за вршење работи на контролор на квалитетот на работите воздухопловниот инженер за техничка подготовка може да врши работи на: контрола на квалитетот на извршените работи, одржување, поправка, обнова и измена на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов; калибража и баждарење на уреди, опрема и работилнички алат; проверка на воздухоплов во лет и на земја; функционална проверка на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов; изработка и ажурност на техничко-технолошката документација (листи на функционални проверки, листи на испитување исправноста на уредите; технички билтени и др.); контрола на исполнувањето на техничките нормативи и други прописи и на функционирањето на технолошката организација на работата за одржување, поправка, обнова и измена на воздухоплов, мотор, елиса и опрма на воздухоплов, со својот потпис да потврди дека моторот, елисата и опремата на воздухоплов ги исполнуваат пропишаните услови за вградување во воздухоплов и дека воздухопловот е способен за безбедна воздушна пловидба по извршените периодични прегледи пропишани во техничкиот систем за одржување, големи поправки и измени, превентивно одржување и обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов.

Член 41

Ако лицето од член 40 на овој правилник ги врши работите од член 36 на овој правилник нема право во својство на контролор на квалитетот на работите да врши контрола на тие работи ниту во тоа својство со свој потпис да потврдува дека тој воздухоплов е способен за безбедна воздушна пловидба.

Член 42

Во дозволата за воздухопловен инженер за техничка подготовка може да се запише и овластување за вршење на работите на инструктор.

Член 43

За полагање на посебен испит за стекнување овластување за инструктор воздухопловниот инженер за техничка подготовка мора да ги исполнува следните услови:

1) да има важечка дозвола за воздухопловен инженер за техничка подготовка,

2) најмалку три години, по стекнувањето на довзолата, да вршел работи на воздухопловен инженер за техничка подготовка.

Член 44

Теоретскиот дел на посебниот испит за стекнување на овластување за вршење работи на инструктор опфаќа:

1) организација и систем за одржување на воздухоплов;

2) методика по настава и обука;

3) воздухопловни прописи.

Член 45

Врз основа на дозволата и запишаното овластување за вршење работи на интруктор, воздухопловниот инженер за техничка подготовка може да врши обука за практичниот и теоретскиот дел на испитот за воздухопловен техничар и воздухопловен инженер за техничка подго-

товка и обука за теоретскиот дел на испитот за воздухопловен механичар заради стекнување, продолжување на рокот на важењето и обновување на важењето на дозволата.

V. ИСПИТИ

Член 46

Испитот за стекнување на дозвола односно испитот за стекнување на овластување за вршење на определена стручна работа (посебен испит) се состои од теоретски и практичен дел.

Теоретскиот дел на испитот се состои од писмен и усмен дел.

Практичниот дел на испитот и посебниот испит се проверува во практично применување на стеченото знаење во работата на определен вид работа и тип воздухоплов.

Член 47

Писмена пријава за полагање на испит и на посебен испит, кандидатот поднесува до Сојузниот комитет за сообраќај и врски најдоцна 30 дена пред редовниот испитен рок.

Кон писмената пријава за полагање на испит и на посебен испит, кандидатот поднесува докази за исполнување на пропишаните услови, и тоа: за школската подготовка, дека е стручно обучен, дека поминал определено време на соодветни работи, дека е извршена уплата на надоместот за проверување на стручната способност и за согласноста на носителот на правото на располагање со воздухоплов за користење на определен тип воздухоплов за полагање на испит.

Писмена пријава кандидатот поднесува и кога полага поправен испит.

Член 48

Сојузниот комитет за сообраќај и врски, по приемот на пријавата за полагање на испит, утврдува дали кандидатот ги исполнува пропишаните услови за полагање на испит.

Ако утврди дека кандидатот ги исполнува пропишаните услови, во рок од 30 дена од денот на приемот на пријавата, донесува решение за формирање на Комисија за полагање на испит (во натамошниот текст: Комисијата). Во решението се определува бројот на членовите и составот на Комисијата и денот, часот и местото на полагање на испитот. Денот на полагањето на испитот не може да биде определен во рок покус од 15 дена од денот на врачувањето на решението на кандидатот, освен ако кандидатот сака испитот да го полага пред тој рок.

Ако Сојузниот комитет за сообраќај и врски оцени дека кандидатот не ги исполнува пропишаните услови за полагање на испит, за тоа ќе донесе соодветно решение.

Против решението од став 3 на овој член кандидатот има право на приговор до претседателот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Член 49

Комисијата се состои од претседател, потребен број членови и секретар на Комисијата.

Бројот на членовите на Комисијата се утврдува зависно од бројот на предметите односно обемот на практичниот дел на испитот, при што еден член на Комисијата може да биде испитувач најмногу за три предмети.

За член на Комисијата за теоретскиот дел на испитот може да биде именувано лице што има најмалку ист степен на стручна подготовка како и кандидатот за полагање на испитот, а за членот на Комисијата, за практичниот дел на испитот, како и за претседателот на Комисијата уште и соодветна важечка дозвола и запишано овластување за кое кандидатот полага испит.

За член на Комисијата, по правило, се именува лице што не го обучувало кандидатот за практичниот дел на испитот.

Член 50

Претседателот на Комисијата го испитува кандидатот од областа за која е именуван со решението, присуствува на сите фази на испитот, се грижи за законитоста и правилноста во спроведувањето на испитот, врши увид во подготовката на испитот, испитниот материјал и идентификацијата на пријавените кандидати, го оценува успехот на кандидатите по завршениот испит и ги внесува нивните резултати во испитните листи на кандидатите.

Членот на Комисијата ги испитува кандидатите од областа за која е именуван со решението. По завршениот испит се оценува успехот на кандидатот и резултатот се внесува во испитниот лист на кандидатот со потпис.

Секретарот на Комисијата подготвува решение за формирањето на Комисијата, го организира целокупниот тек на испитот, ги применува програмите за стручно обучување и проверување на стручноста на воздухопловно-техничкиот персонал и на воздухопловниот персонал за техничка подготовка, ги изработува испитните прашања, тестовите и друго, ги подготвува испитот, и испитните материјали и сите други административно-технички работи во врска со организацијата и спроведувањето на испитот.

Член 51

За работата на Комисијата и за испитите се води записник.

Записникот го води секретарот на Комисијата односно членот на Комсиијата што ќе го определи претседателот на Комисијата.

Записникот го потпишуваат претседателот и членовите на Комисијата, како и секретарот и му го доставуваат заедно со извештајот за резултатот од испитот на Сојузниот комитет за сообраќај и врски.

Член 52

Испитот се полага во редовни и вонредни испитни рокови што ги утврдува Сојузниот комитет за сообраќај и врски.

Редовните испитни рокови се определуват најмалку трипати годишно во растојание од четири месеци.

Вонредните испитни рокови се определуваат ако се пријават повеќе од пет кандидати односно ако за тоа се укаже особена потреба.

Член 53

Усниот дел на испитот кандидатот го полага по успешно изработениот писмен дел на испотот.

Писменот дел на испитот е успешно изработен ако се оцен и дека содржи со најмалку 80% точни одговори.

Кандидатот кој на теоретскиот дел на испитот односно теоретскиот дел на посебниот испит ќе падне од два предмета, може да полага поправен испит во рокот што ќе го определи Комисијата, а кој не може да биде покус од 30 дена од денот на соопшувањето на резултатите од испитот.

Ако кандидатот не го положи поправниот испит, ќе се смета дека не го положил испитот и мора одново да го полага.

Член 54

По положениот теоретски дел на испитот и посебниот испит, кандидатот го полага практичниот дел на испитот.

Ако кандидатот не го положи практичниот дел на испитот, ќе се смета дека не го положил испитот.

Член 55

Полагањето на испитот односно на посебниот испит, кандидатот може да го повтори ако времето меѓу двете полагања не е покусо од три месеци.

Член 56

Комисијата го оценува целокупниот успех на кандидатот на испитот односно на посебниот испит со оценка „положил" или „не положил".

Член 57

Одредбите на чл. 46 до 56 од овој правилник се применуваат и на спроведувањето на испитот при вонредна проверка на стручната способност.

VI. ДОЗВОЛА

Член 58

На барање од лицето што положило испит за стекнување дозвола, Сојузниот комитет за сообраќај и врски издава дозвола врз основа на која тоа лице може самостојно да врши работи за кои положило испит.

На барање од лицето што положило посебен испит за вршење на определена стручна работа, Сојузниот комитет за сообраќај и врски во важечката дозвола запишува овластување за самостојно вршење на определена стручна работа за која положило посебен испит.

Член 59

Барањето од член 58 на овој правилник содржи лични податоци на подносителот на барањето (име и презиме, датум и место на раѓање, адреса на живеалиштето односно престојувалиштето) и назначување на видот на дозволата што се бара.

Кон барањето од став 1 на овој член се прилага уверение за положенилот испит односно за посебниот испит и доказ за здравствената способност на подносителот на барањето

Член 60

Барање за продолжување на рокот на важењето на дозволата може да се поднесе најдоцна 30 дена пред истекот на рокот на важењето на дозволата.

Член 61

Кон барањето за продолжување на рокот на важењето на дозволата имателот на дозволата мора да поднесе:

1) ако во текот на важењето на дозволата имал прекин во работата покус од шест месеци или немал прекин- докази:

а) за здравствената способност;

б) дека на соодветни работи поминал најмалку 18 месеци.

2) ако во текот на важењето на дозволата имал прекин во работата подолг од шест месеци – докази:

а) за здравствената способност;

б) дека на соодветни работи поминал непрекинато најмалку шест месеци;

в) дека овластено лице извршило проверка на неговата стручна способност.

Член 62

Кон барањето за обновување на важењето на дозволата имателот на дозволата мора да поднесе:

1) ако од денот на истекот на важењето на дозволата поминал помалку од шест месеци – докази:

а) за здравствената способност;

б) дека на соодветни работи поминал најмалку девет последователни месеци пред истекот на важењето на дозволата;

в) дека овластено лице извршило проверка на неговата стручна способност.

2) ако од денот на истекот на важност на дозволата поминале повеќе од шест месеци – докази:

а) за здравствената способност;

б) дека на соодветни работи поминал најмалку девет последователни месеци пред истекот на важењето на дозволата;

в) дека од теоретскиот дел на испитот за стекнување дозвола ги положил предметите: организација и систем на одржување на воздухоплов, воздухопловни прописи како и посебен испит за стекнување на овластување.

3) ако од денот на истекот на важноста на дозволата поминале повеќе од 24 месеци мора одново да полага испит за стекнување на дозвола.

Член 63

Рокот на важењето на дозволата се продолжува односно обновува за она овластување за кое се стекнати условите пропишани со овој правилник.

Овластување за вршење на определена стручна работа престанува да важи ако не се стекнати условите пропишани со овој правилник.

Член 64

Образецот на дозволата од член 58 на овој правилник содржи: грб на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, назив на сојузниот орган на управата што ја издал дозволата, назив на дозволата и рубрика во која се внесува: регистарски број, име и презиме и адреса на живеалиштето односно престојувалиштето на имателот на дозволата, датум на издавањето на дозволата и потпис на овластеното лице што ја издало дозволата, место за фотографија и потпис на имателот на дозволата, место за запишување на специјалноста и овластување за вршење на определени стручни работи и место за запишување на продолжувањето на рокот на важењето на дозволата.

Образецот на дозволата се печати на еден од јазиците на народите и народностите на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и на англиски јазик.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 65

На лицето што поседува дозвола за воздухопловен механичар и има запишано овластување за вршење на определени стручни работи и на лицето што поседува овластување за вршење работи на контролор од II или III класа, по влегувањето во сила на овој правилник, ќе му се издаде соодветна дозвола за воздухопловен механичар и ќе се запишат соодветните овластувања според одредбите на овој правилник.

На лицето што завршило седми степен стручна подготовка и поседува овластување за вршење работи на воздухопловен контролор од I или II класа, по влегувањето во сила на овој правилник, ќе му се издаде дозвола за воздухопловен инженер за техничка подготовка и ќе се запише овалстувањето на контролор на квалитетот на работите.

Член 66

Лицето кое на денот на влегувањето во сила на овој правилник има завршено средна стручна подготовка од машинска или електротехничка струка односно училиште за квалификувани работници од машинска или електротехничка струка и најмалку 10 години работно искуство на работите од член 17 од овој правилник за стекнување дозвола за воздухопловен механичар мора да го полага теоретскиот дел од испитот и тоа: организација и систем за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и воздухопловни прописи и практичен дел од испитот за стекнување на дозвола.

Лицето кое на денот на влегувањето во сила на овој правилник има завршено средна стручна подготовка од машинска или електротехничка струка односно училиште за квалификувани работници од машинска или електротехничка струка и најмалку 10 години работно искуство на работите од член 32 од овој правилник, за стекнување дозвола за воздухопловен техничар за техничка подготовка мора да го полага теоретскиот дел од испитот, и тоа: организација и систем за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и воздухопловни прописи и практичниот дел од испитот за стекнување дозвола.

Лицето кое на денот на влегувањето во сила на овој правилник има завршен машински односно електротехнички факултет и најмалку 10 години работно искуство на работите од член 36 од овој правилник, за стекнување дозвола за воздухопловен инженер за техничка подготовка мора да го полага теоретскиот дел од испитот и тоа: организација и систем за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и воздухопловни прописи и практичниот дел од испитот за стекнување на дозвола.

Лицата од ст. 1, 2 и 3 на овој член дозволата можат да ја стекнат во рок од 2 години од денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 67

Лицето кое завршило воена воздухопловно-техничка школа во ниво на IV степен стручна подготовка и има најмалку 2 години работно искуство на работи на одржување односно обнова на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов во Југословенската народна армија, за стек-

нување дозвола за воздухопловен механичар мора да го полага теоретскиот дел на испитот и тоа: за специјалност змеј, мотор и системи (AMS) – член 12 став 1 точка 1 одредби под з), s), и) и ј) од овој правилник, а за специјалност инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE) – член 12 став 1 точка 2 одредби под и), ј), к) и л) од овој правилник.

Лицето кое завршило воена воздухопловно-техничка школа во ниво на IV степен стручна подготовка и има најмалку две години работно искуство на соодветни работи во Југословенската народна армија, за стекнување дозвола за воздухопловен механичар за техничка подготовка мора да го полага теоретскиот дел на испитот, и тоа: за специјалност змеј, мотор и системи (AMS) – член 29 став 1 точка 1 одредби под з), s), и) и ј) од овој правилник, а за специјалност инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE) – член 29 став 1 точка 2 одредби под з), s), и) и ј) од овој правилник.

Лицето кое завршило воена воздухопловно-техничка школа во ниво на VII степен стручна подготовка и има најмалку две години работно искуство на соодветни работи во Југословенската народна армија, за стекнување дозвола за воздухопловен инженер за техничка подготовка мора да го полага теоретскиот дел на испитот, и тоа: за специјалност змај, мотор и системи (AMS) – член 34 став 1 точка 1 одредби под з), s), и) и ј) од овој правилник, а за специјалност инструменти, радиоуреди (електронска опрема) и електроопрема (IRE) – член 34 став 1 точка 2 одредби под з), s), и) и ј) од овој правилник.

Член 68

На лицето кое поседува дозвола за воздухопловен механичар тип II односно тип I што ја издала една од земјите членки на ISAO, ќе му се признае таа дозвола и запишаните соодветни овластувања според одредбите на овој правилник, ако го положи теоретскиот дел на испитот за стекнување дозвола, и тоа: организација и систем за одржување на воздухоплов, мотор, елиса и опрема на воздухоплов и воздухопловни прописи на СФРЈ.

Член 69

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за стручната подготовка, стручниот испит, дозволата за работа и работите што може да ги врши воздухопловно-техничкиот персонал („Службен лист на СФРЈ", бр. 62/74).

Член 70

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 2831/1
4 мај 1987 година
Белград

Претседател
на Сојузниот комитет за
сообраќај и врски,
Мустафа Пљакиќ, с. р.

485.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА ФОТОМЕТРИСКИ СИЈАЛИЦИ СО УСВИТЕНО ВОЛФРАМОВО ВЛАКНО – МЕРИЛА НА СВЕТЛОСНА ЈАЧИНА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат фотометриските сијалици со усвитено волфрамово влакно (во натамошниот текст: фотометриски сијалици) – мерила на светлосна јачина при температура на бојата од 2353K и 2853K.

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.S-1/1.

Член 2

Грешката на фотометриските сијалици – мерила на светлосна јачина изразена со разликата на светлосната јачина утврдена со споредување со работниот еталон и светлосната јачина дадена во документот за еталонирање мора да биде во границите:

1) ± 5% – за вакуумски фотометриски сијалици,
2) ± 10% – за гасни фотометриски сијалици.

Член 3

Нестабилноста на вредноста на светлосните и електричните параметри на фотометриските сијалици – мерила на светлосна јачина во однос на средните вредности добиени од три последовни мерења, на меѓусебни раздвоени интервали од 2 до 3 часа, мора да биде во границите дадени во следната табела:

ВИД НА ФОТОМЕТРИСКА СИЈАЛИЦА – мерило на светлосна јачина	НЕСТАБИЛНОСТ (%)	
	на светлосната јачина	на струјата и напонот
Вакуумски сијалици	± 0,5	± 0,1
Гасни сијалици	± 1,0	± 0,15

Член 4

Фотометриските сијалици мораат да се испитуваат и употребуваат при следните услови:

1) температура на околината од 20 ± 5°C;
2) релативна влажност на воздухот од 65% · 15%.

Осцилациите на температурата на околината во текот на мерењето не смеат да бидат поголеми од ± 1°C.

Член 5

Светлосната јачина на фотометриската сијалица мора да се мери во определен правец нормален на рамнината на влакното на сијалицата и во насоката дефинирана при првото еталонирање.

Член 6

Фотометриската сијалица се состои од:

1) балон,
2) влакно,
3) носач на влакното,
4) подножје.

Член 7

Балонот на фотометриската сијалица мора да биде изработен од провидно, безбојно стакло на кое нема гребеници, меурчиња, дамки, површински нерамнини и други недостатоци.

На внатрешната површина од балонот не смее да се наоѓа слој од волфрамови честици уочливи со голо око.

Балонот може да биде вакуумиран или исполнет со гас и според тоа фотометриските сијалици се распоредуваат на вакуумски сијалици и гасни сијалици.

Член 8

Влакното мора да биде изработено од едно парче волфрамова жица.

Површината на влакното мора да биде чиста, еднобојна и мазна. Краевите на влакното мораат да бидат така изведени на подножјето од сијалицата што на нив да можат да се залемат жичени спроводници. Влакното на фотометриската сијалица мора да се наоѓа во вертикална рамнина.

Електричните контакти на влакното и на другите спроводници на електрична струја, како и меѓусебните електрични контакти на сите спроводници мораат да бидат такви што да обезбедуваат нераскинлив спој.

Член 9

Фотометриските сијалици мораат да имаат така што га конструирани влакна да овозможуваат работа и чување на сијалицата во вертикална положба со подножјето свртено надолу.

Член 10

Носачите на влакното мораат да бидат изработени од молибденова жица. Пречникот на држачот мора да биде, најмалку, двапати поголем одошто кај сијалицата од индустриски тип за иста вредност на електричната струја. Носачите на влакното мораат да бидат цврсто споени со влакното.

Член 11

Според надворешните димензии подножјето на фотометриската сијалица мора да му одговара на подножјето предвидено со југословенскиот стандард JUS-N.L1.060пропишан со Правилникот за југословенските стандарди за сијалици и прибор ("Службен лист на СФРЈ", бр. 12/80).

Контролните плочки на подножјето мораат да бидат изолирани со таков изолатор (стакло, порцелан, тврда гума и сл.) чија отпорност на изолацијата не смее да биде помала од 10 мегаоми.

Член 12

Натписите и ознаките на фотометриската сијалица мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките на фотометриската сијалица мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 13

Натписите и ознаките мораат да се наоѓаат на подножјето од фотометриската сијалица или на надворешната површина на балонот на сијалицата покрај работ на подножјето. Несмеат да се ставаат какви и да било натписи на површината на балонот во насока на мерењето на светлосните големини.

Член 14

На фотометриската сијалица мораат да бидат испишани следните натписи и ознаки:

1) фирмата, односно називот или знакот на производителот;
2) фабричкиот број;
3) ознаката на типот;
4) ознаката на насоката на мерењето.

Освен податоците од став 1 овој член, за сијалицата мора да биде дадена службената ознака на типот на сијалицата, ако е извршено испитување на типот.

Член 15

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 82-598/1
5 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р **Милан Межек, с. р.**

486.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА УРЕДИТЕ ЗА ИСПИТУВАЊЕ НА ПРОТЕЧНИ МЕРИЛА НА КОЛИЧИНА НА ФЛУИД,СО МЕРНА ДИЈАФРАГМА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат уредите за испитување на протечни мерила на количината на флуид со мерна дијафрагма (во натамошниот текст: уредите).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.Z–26/1.

Член 2

Уредот се состои од:

1) комплет на мерни претворувачи на диференцијален притисок;
2) комплет на мерни претворувачи на струен притисок;
3) комплет на мерни претворувачи на температура;
4) процесен сметач (само по потреба);
5) соодветни мерила за должина;
6) агломер;
7) шестар.

Член 3

Наведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) работниот опсег на комплетот на мерни претворувачи е збир на опсезите на мерење на вредноста на физичките големини на сите одделни мерни претворувачи во комплетот;

2) границите на вкупната проценета мерна несигурност на мерните претворувачи се граници на интервалот на несигурноста со која претворувачот се мери.

Член 4

Границите на вкупната проценета мерна несигурност во определени опсези на мерење на уредите се дадени во следната табела:

Реден број	УРЕДИ	Опсег на мерење	Граници на вкупната проценета мерна несигурност за даден опсег на мерење со веројатност од 95%
1	2	3	4
1	Мерен претворувач на диференцијален притисок	0 до 250 кРа	± 0,2%
2	Мерен претворувач на струен притисок	0 до 50.000 кРа	±0,2%
3	Мерен претворувач на температура	–20 до + 500°C	±0,05K
4	Процесни сметачи	–	±0,05%
5	Соодветни мерила за должина	–	–
6	Агломери	–	± 1°

Член 5

Натписите и ознаките на плочата на показниот уред и на посебните таблици на одделни делови од уредот мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Член 6

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и напишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 7

Ако натписите и ознаките се напишани на посебна таблица, таа мора да биде изработена така што на неа да може да се втисне жиг.

Член 8

На таблицата за податоците на процесниот сметач мораат да бидат испишани:

1) фирмата, односно називот и знакот на производителот;

2) фабричкиот број и годината на производство;

3) називот или скратената ознака за типот на процесниот сметач.

Член 9

На мерниот претворувач на диференцијален притисок мораат, на посебна таблица, да се наоѓаат следните податоци:

1) најмал диференцијален притисок во форма: „ΔP_{min} = ... P_a (или bar)";

2) најголем диференцијален притисок во форма: „ΔP_{max} = ... P_a (или bar)";

3) најголем дозволен работен натпритисок на флуидот во форма: „P_{max} = ... P_a (или bar)";

4) фабрички број и година на производство на претворувачот;

5) ознака во форма: „работен еталон".

Член 10

На мерниот претворувач на струен притисок мора да се наоѓа таблица со следните податоци:

1) опсег на мерење на струјниот притисок во кој претворувачот работи исправно;

2) фабрички број и година на производство на претворувачот;

3) ознака во форма: „работен етанол".

Член 11

На претворувачот на температура мораат, на посебна таблица, да се наоаат следните податоци:

1) опсег на мерење на температурата во кој претворувачот работи исправно;

2) фабрички број и година на производство на претворувачот;

3) ознака во форма „работен еталон".

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-598
4 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р **Милан Межек**, с. р.

487.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА АПАРАТИТЕ ЗА МЕРЕЊЕ НА ТВДРОСТА ПО ВИКЕРС (ОД HV5 ДО HV 100)

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат апаратите за мерење тврдоста по Викерс (во натамошниот текст: апаратот).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS.(N-5)/2.

Член 2

Долунаведените изрази и ознаки, во смисла на овој правилник, го имаат следното значење:

1) тврдост по Викерс HV – е тврдост што е пропорционална на односот на испитната сила (оптоварување) F спрема површината на отпечатокот, кој се посматра како правилна четиристрана пирамида со квадратна основа со дијагоналите d_1 и d_2 и со аголот при врвот кој е еднаков на аголот на втиснувачот;

2) условните ознаки за параметрите се наведени на цртежот 1 и во табелата 1.



Цртеж 1

Табела 1

Условна ознака	Назив	Мерна единица
	Аголот при врвот на втиснувачот (пирамидата)	o
F	Испитна сила (оптоварување)	N
d	Дијагоналата на отпечатокот (аритметичката средина на дијагоналите d_1 и d_2)	mm
HV	Тврдост по Викерс $HV = \frac{0{,}102 \cdot 2F \sin\frac{136^0}{2}}{d^2} = 0{,}102 \cdot 1{,}854 \frac{F}{d^2} = 0{,}189 \frac{F}{d^2}$	

Член 3

Референтната температура на просторијата во која се наоѓа апаратот мора да изнесува 23°C ± 5°C.

Апаратот мора да биде на таа температура пред прегледот најмалку 24 часа.

Член 4

Најголемата дозволена грешка за испитната сила изнесува: ± 1%.

Член 5

Најголемата дозволена грешка на мерниот уред изнесува:

1) ± 0,5% кога е должината на мерената дијагонала еднаква или поголема од 0,2 mm;

2) ± 0,001 mm кога е должината на мерената дијагонала помала од 0,2 mm.

Член 6

Резултатите од мерењето, односно аритметичката средина од средните вредности на тврдостите за пет мерења, што се извршени со прегледаниот апарат на референтната плочка, не смее да се разликува за повеќе од ± 3% од вредноста на тврдоста утврдена при еталонирањето на таа плочка.

Член 7

Разликата на најголемата и најмалата средна вредност на дијагоналите, изразена како процент на аритметичката средина на средните вредности на дијагоналите, во серија од пет мерења, не смее да изнесува повеќе од вредностите дадени во следната табела:

Референтна плочка на тврдоста	Најголема вредност на разликата
до 225 HV	4,0%
од 225 HV до 400 HV	2,0%
над 400 HV	3,0%

Член 8

Апаратот се состои од следните делови:
1) носач на испитуваната мостра;
2) механизам за позиционирање;
3) механизам за примена на сила;
4) мерен уред.

Член 9

Деловите од апаратот, а посебно носачот на испитуваната мостра и механизмот за позиционирање, мораат да бидат чисти и исправни.

Член 10

Носачот на испитуваната мостра може да има рамна површина или површина која ѝ одговара на формата на испитуваната мостра.

Конструкцијата на носачот на испитуваната мостра мора да биде таква што мострата стабилно да налегнува на него, и во текот на мерењето да не може да се поместува.

Член 11

Носачот на испитуваната мостра и механизмот за позиционирање на мострата мораат да бидат така конструирани што, во текот на позиционирањето и во текот на мерењето, испитуваната површина на мострата да биде нормална на правецот на дејството на испитната сила.

Член 12

Механизмот за позиционирање мора да се поместува рамномерно, без забележителни вибрации.

Член 13

Механизмот за примена на сила може да произведува сила со помош на тегови или пружини, односно со механички или хидрауличен пренос.

Член 14

Номиналната вредност на испитната сила мора да биде помеѓу 49,03 n и 980,7 N.

Член 15

Механизмот за примена на сила мора да биде конструиран така што да обезбеди примена и отстранување на испитната сила (оптоварувањето и растоварувањето) без удар или вибрации.

Член 16

Мерниот уред може да биде микроскоп или проекционен уред и мора да го мери пречникот на отпечатокот во милиметри или микрометри.

Член 17

Поделоците на скалата на мерниот уред мораат да имаат иста должина и иста вредност.

Член 18

Должината на поделокот мора да биде најмалку 0,7 mm.

Член 19

Ширината на цртите на поделбата и на стрелката не смее да изнесува повеќе од десттиот дел од должината на поделокот.

Член 20

Вредноста на поделокот не смее да изнесува повеќе од десеткратната вредност на најголемата дозволена грешка, пропишана во член 5 од овој правилник.

Член 21

Осветлувањето на видното поле на мерниот уред мора да биде рамномерно и мора да овозможи мерење на дијагоналата на отпечатокот со најголема дозволена грешка пропишана во член 5 од овој правилник.

Член 22

Ако мерниот уред не е самостоен, туку во склоп со други делови од апаратот, мора да биде споен со механизмот за примена на сила така што отпечатокот, по преместувањето на испитуваната мостра под објективот на мерниот уред, да се наоѓа приближно во центарот на видното поле.

Член 23

На натписната плочка мораат да бидат испишани следните податоци:
1) фирмата, односно називот или знакот на производителот;
2) службената ознака на типот на апаратот, ако е извршено испитување на типот;
3) фабричкиот број;
4) годината на производство.

Член 24

Фабричкиот број мора да се наоѓа на секој дел кој може да се одвојува (на пример, тегови итн.).

Член 25

На механизмот за примена на сила мора да биде означена вредноста на применетата испитна сила.

Член 26

Натписите и ознаките мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Член 27

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 28

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-603
4 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р **Милан Межек**, с. р.

488.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА АПАРАТИ ЗА МЕРЕЊЕ ТВРДОСТ ПО БРИНЕЛ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат апаратите за мерење тврдост по Бринел (во натамошниот текст: апаратот).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS. (N-5)/1.

Член 2

Наведените изрази и ознаки, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) тврдост по Бринел, HB-и е тврдоста што е пропорционална на односот на испитната сила (оптоварувањето) F, спрема површината на сферниот отпечаток.

2) условните ознаки на параметрите се наведени на цртежот 1 и во табелата 1.



Цртеж 1.

Табела 1

Условна ознака	Назив	Мерна единица
D	Пречник на втиснувачот (кугличката)	mm
F	Испитна сила (оптоварување)	N
h	Длабочина на отпечатокот	mm
d	Пречник на отпечатокот (аритметичка средина на пречникот d_1 и d_2)	mm
HB	Тврдост по Бринел $HB = \frac{0,102F}{A} = \frac{0,102.2F}{\pi \cdot D(D-\sqrt{D^2-d^2})}$	

Член 3

Референтната температура на просторијата во која се наоѓа апаратот мора да изнесува $23^0 \pm 5^0C$.

Апаратот мора да биде на таа температура пред прегледот најмалку 24 часа.

Член 4

Најголемата дозволена грешка за испитната сила изнесува ± 1%.

Член 5

Најголемата дозволена грешка на покажувањето на мерниот уред изнесува ± 0,5%.

Член 6

Резултатот од мерењето односно аритметичката средина на средните вредности на тврдоста за пет мерења, што се извршени со прегледаниот апарат на референтната плочка, не смее да се разликува за повеќе од ± 3% од вредноста на тврдоста утврдена при еталонирањето на таа плочка.

Член 7

Разликата на најголемата и најмалата средна вредност на пречникот на отпечатокот, изразена како процент на аритметичката средина на средните вредности на пречникот, во серија од пет мерења, не смее да изнесува повеќе од 4%, за вредности на тврдоста, до 225 HB и 2%, за вредност на тврдоста над 225 HB.

Член 8

Апаратот се состои од следните делови:

1) носач на испитуваната мостра;
2) механизам за позиционирање;
3) механизам за примена на сила;
4) мерен уред.

Член 9

Деловите на апаратот, а посебно носачот на испитуваната мостра и механизмот за позиционирање, мораат да бидат чисти и исправни.

Член 10

Носачот на испитуваната мостра може да има рамна површина или површина што ѝ одговара на формата на испитуваната мостра.

Конструкцијата на носачот на испитуваната мостра мора да биде таква што мострата стабилно да налегнува на него и во текот на мерењето да не може да се помести.

Член 11

Носачот на испитуваната мостра и механизмот за позиционирање на мострата мораат да бидат така конструирани што во текот на позиционирањето и во текот на мерењето, испитуваната површина на мострата да биде нормална на правецот на дејството на испитаната сила.

Член 12

Механизмот за позиционирање мора да се поместува рамномерно, без забележливи вибрации.

Член 13

Механизмот за примена на сила може да произведува сила со помош на тегови или пружини односно со механички или хидраулички пренос.

Член 14

Испитната сила мора да има номинална вредност наведена во следната табела:

Пречник на втиснувачот во mm	Испитна сила во N					
10	29420 (3000)	9807 (1000)	4903 (500)	2452 (250)	1226 (125)	980,7 (100)
5	7.355 (750)	2.452 (250)	1.226 (125)	612,9 (62,5)	306,5 (31,25)	245,2 (25)

Пречник на втиснувачот во mm	Испитна сила во n					
2,5	1.839 (187,5)	612,9 (62,5)	306,5 (31,25)	153,2 (15,625)	76,61 (7,8125)	61,29 (6,25)
2	1.177 (120)	392,3 (40)	196,1 (20)	98,07 (10)	49,03 (5)	39,23 (4)
1	294,2 (30)	98,07 (10)	49,03 (5)	24,52 (2,5)	12,26 (1,25)	9,807 (1)

Член 15

Механизмот за примена на сила мора да биде конструиран така што да обезбеди примена и отстранување на испитната сила (оптоварување и растоварување) без удари или вибрации.

Член 16

Мерниот уред може да биде микроскоп или проекционен уред и мора да го мери пречникот на отпечатоците во милиметри или микрометри.

Член 17

Поделоците на скалата на мерниот уред мораат да имаат иста должина и иста вредност.

Должината на поделокот мора да биде еднаква најмалку на 0,7 mm.

Широчината на цртите на поделбите и сказалката не смее да изнесува повеќе од десеттиот дел на должината на поделокот.

Член 18

Опсегот на мерењето и вредноста на поделокот се дадени во следната табела:

Пречник на втиснувачот во mm	Минимален опсег на мерењето во mm	Најголема вредност на поделокот во mm
1	2	3
10	2,5–6,00	0,1
5	1,25–3,00	0,05
2,5	0,625–1,500	0,025
2	0,500–1,200	0,02
1	0,250–0,600	0,01

Член 19

Осветлението на видното поле на мерниот уред мора да биде рамномерно и мора да овозможи мерење на пречникот на отпечатокот со најголема дозволена решка пропишана во член 5 на овој правилник.

Член 20

Ако мерниот уред не е самостоен, туку во склоп со други делови на апаратот, мора да биде споен со механизмот за примена на сила така што отпечатокот, по преместувањето на испитуваната мостра под објективот на мерниот уред, да се наоѓа приближно во центарот на видното поле.

Член 21

На натписната плочка мораат да бидат испишани следните податоци:

1) фирма односно назив или знак на производителот;
2) службена ознака на типот на апаратот, ако е извршено испитување на типот;
3) фабрички број;
4) година на производството.

Член 22

Фабричкиот број мора да се наоѓа на секој дел што може да се одвојува (на пример тегови, објективи итн.)

Член 23

На механизмот за примена на сила мора да биде означена вредноста на применетата испитна сила.

Член 24

Натписите и ознаките мораат да бидат испишани на еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Член 25

Натписите и ознаките мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не можат да се избришат или симнат.

Член 26

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02-602
4 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м-р **Милан Межек**, с. р.

489.

Врз основа на член 33 став 1 од Законот за мерните единици и мерилата („Службен лист на СФРЈ", бр. 9/84 и 59/86), директорот на Сојузниот завод за мери и скапоцени метали пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА МЕТРОЛОШКИТЕ УСЛОВИ ЗА СТАКЛЕНИ ТЕРМОМЕТРИ ПОЛНЕТИ СО ТЕЧНОСТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат метролошките услови што мораат да ги исполнуваат стаклените термометри полнети со течност за лабораториски намени (во натамошниот текст: термометри).

Метролошките услови од став 1 на овој член се означуваат скратено со ознаката MUS. K-4/33.

Член 2

Стаклените термометри ги имаат следните делови:

1) резервоар;
2) капилара;
3) експанзиона комора;
4) контракциона комора;
5) стебло на термометарот и
6) скала на термометарот.

Член 3

Наведените изрази, во смисла на овој правилник, ги имаат следните значења:

1) резервоар на термометарот е дел од термометарот изработен од погодно термометриско стакло кој служи за чување на термометарската течност;

2) капилара на термометарот е капиларна цевка која се продолжува на резервоарот, а се состои од мерен дел и од експанзиона и контракциона комора;

3) експанзиона комора претставува проширување на горниот дел од капиларната цевка која има улога да го заштити термометарот од оштетување кое може да настане поради прегревање над горната граница на мерниот опсег;

4) контракциона комора претставува проширување на капиларната цевка која има улога да го намали претераното повлекување на термометарската течност, односно да овозможи конструкции на термометарот со непретерано големи должини, а се наоѓа над резервоарот или над помошната скала;

5) стебло на термометар е дел од термометарот што се продолжува на резервоарот и претставува заштита на капиларата од механички оштетувања при ракување односно при употреба на термометарот;

6) скала на термометарот е уредена група на црти и броеви нанесени на плочката што ја носи скалата – носач на скалата. Скалата е градуирана во степени Целзиусови или во келвини;

7) вредност на поделокот на скалата е вредноста на интервалот на температурата што му одговара на интервалот на растојанието помеѓу кои и да бало две соседни црти на скалата на термометарот;

8) помошна скала на термометарот е кратка скала што ѝ одговара на вредноста на референтната температура и служи за еталонирање на термометарот и се наоѓа на термометрите кои во својот мерен опсег не ја опфаќаат референтната температура.

Член 4

Термометрите, во смисла на овој правилник, можат да бидат стап-термометри и термометри со заштитена скала.

Стап-термометрите имаат термометарско стебло во вид на капиларна цевка со дебели ѕидови која наедно ја носи и скалата.

Термометарот со заштитена скала има обвивка што ја штити капиларната цевка и плочката што ја носи скалата – носачна на скалата.

Член 5

Стаклените термометри полнети со течност функционираат по принцип на топлотно ширење на термометарската течност што се наоѓа во резервоарот односно во капиларната цевка на термометарот.

Термометарската течност мора да биде таква да не смее да дојде до нејзино делумно или целосно смрзнување во целиот мерен опсег на термометарот под притисоците што владеат во термометарот. Точката на вршењето на термометарската течност мора да биде таква што испарувањето во условите што владеат во термометарот да биде минимално и при највисоки температури од мерниот опсег на термометарот.

Член 6

Ако во термометарот над столбот на термометарската течност се наоѓа гас, тој мора да биде сув и под притисок доволен да ја зголеми точката на вриењето на термометарската течност така што да се исполнат условите пропишани во член 5 на овој правилник.

Над столбот на живата како термометарска течност, може да се употребува полнење исклучиво со инертен гас.

Член 7

Термометарот мора да биде прав, а неговиот надворешен напречен пресек приближно кружен.

Врвот на термометарот може да биде полусферичен, во форма на стаклен прстен или копче. Надворешниот дијаметар на врвот на термометарот не смее да биде поголем од дијаметарот на стеблото на термометарот.

Член 8

Стеблото на стап-термометарот мора да има емајлирана подлога поставена така што да лежи зад столбот на течноста кога тој се гледа во оската на десните краеви на најкратките црти на скалата, односно кога столбот се гледа во оската на левите краеви на сите црти на скалата.

Член 9

За термометри со заштитена скала, плочката што ја носи скалата – носач на скалата, мора да биде изработена од материјал кој е издржлив на температури од целиот мерен опсег на термометарот. Носачот на скалата мора да биде поставен покрај капиларната цевка внатре во заштитната обвивка и цврсто врзан за врвот на термометарот. Долниот раб на носачот на скалата мора да биде слободен и да лежи во соодветно седло.

Член 10

Внатрешноста на капиларната цевка мора да биде мазна. Површината на внатрешниот напречен пресек на капиларната цевка не смее да варира за повеќе од 10%.

Никаква експанзиона ни контракциона комора не смее да биде лоцирана во мерниот опсег на скалата на термометарот. Помеѓу кое и да е проширување на капиларната цевка и првата соседна црта на скалата, мора да има најмалку 5 mm должина на капиларната цевка со непроменет пресек.

Ако термометарот е предвиден за делумно потопување на пречниот прсек на капиларната цевка не смее да има никакви промени помеѓу цртата што ја означува задолжителната длабочина на потопувањето и првата црта на скалата над неа.

Член 11

На термометарот мора да се наоѓа експанзиона комора во горниот крај на капиларната цевка и мора да се наоѓа на растојните што е најмалку 10 mm над највисоката црта на скалата. Формата на експанзионата комора мора да биде крушовидна со хемисфера свртена нагоре.

Кога во термометарот над термометарската течност се наоѓа гасно полнење, експанзионата комора може да се постави на растојние кое е најмалку 30 mm над највисоката црта на скалата.

Член 12

Контракционата комора може да биде поставена непосредно над резервоарот – кај термометарот со заштитена скала, односно треба да биде одвоена од резервоарот со кратка должина на капиларната цевка – кај стап термометарот

Кога контракционата комора се поставува над помошната скала, таа не смее да биде на растојание пократко од 5 mm над највисоката црта на помошната скала.

Ако долната граница на мерниот опсег на термометарот е под 100 °C, растојанието од врвот на контракционата комора до првата црта на скалата не смее да биде помало од 10 mm. Ако долната граница на мерниот опсег е 100 °C или повеќе, соодветното растојанијание не смее да биде помало од 20 mm. Кај термометри со делумно потопување, ова растојание се смета до цртата што ја означува длабочината на потопувањето, ако е таа под најниската црта на скалата на термометарот.

Член 13

Скалата мора да го има следниот распоред на цртите и бројките:

1) на термометрите со вредност на поделокот од 1 °C (или со децимален дел или со умношка на оваа вредност):

а) секоја десетта црта на скалата мора да биде долга;

б) помеѓу две последовни долги црти, по средината се наоѓа црта со средна должина;

в) се поставуваат четири кратки црти помеѓу секоја последовна средна и долга црта на скалата;

2) на термометрите со вредност на поделокот од 2 °C (или со децимален дел или со умношка на оваа вредност):

а) секоја петта црта на скалата мора да биде долга;

б) четири кратки црти рамномерно се распоредуваат помеѓу две последовни долги црти на скалата;

3) на термометрите со вредност на поделокот од 5 °C, (или со децимален дел или со умношка на оваа вредност);

а) секоја десетта црта на скалата мора да биде долга црта;

б) помеѓу две последовни долги црти се поставени четири црти со средна должина, рамномерно распоредени;

в) една кратка црта мора да се наоѓа помеѓу секои две последовни црти со средна должина или помеѓу средната и нејзе соседната долга црта;

4) секоја десетта црта на скалата мора да биде означена со број.

Член 14

Цртите на скалата мораат да бидат читливо нанесени и со еднаква дебелина. Дебелината не смее да преминува 1/5 од интервалот помеѓу средините на две соседни црти.

Цртите мораат да бидат нанесени нормално на оската на термометарот.

Член 15

Должината на кратките црти на скалата кај стап–термометрите мора да изнесува од една до три должини на поделокот на скалата, а најдолгите црти би морале да бидат соодветно продолжени.

Кај термометрите со заштитена скала најдолгите црти мораат да имаат должина која е еднаква на 0,8 широчина на плочката на носачот на скалата, а средната и кратката црта 0,6 односно 0,3 должина на најдолгата црта.

Член 16

За стап–термометри, кога термометарот се држи во вертикална положба и кога се гледа отспреди, најкратките црти од левата страна ќе лежат на една замислена вертикална линија. Кога термометарот се гледа така што десните краеви на најкратките црти да се наоѓаат наредени откај левата страна на капиларната празнина, средните и долгите црти ќе се пружаат од десната страна на празнината.

Броевите на скалата на стап–термометарот мораат да бидат поставени или малку лево или малку десно од цртата на која се однесуваат така што замислената наставка на цртата да ги преполовува, или се малку издигнати во однос на таа замислена наставка. Броевите можат да се поставаат или паралелно на оската на термометарот или вертикално на неа.

Член 17

Термометарот може да има помошна скала што ја опфаќа референтната температура (најчесто 0 °C или 100 °C) и содржи определен број црти над и под референтната точка за да се овозможи мерење на промената на зафатнината на резервоарот.

Член 18

Негативните броеви на скалата мораат да бидат недвосмислено означени, така што да не можат да се заменат со ознките на цртите на скалата, со цртата што ја означува длабочината на потопувањето или со некоја друга референтната ознака.

Член 19

Цртата што ја означува длабочината на потопувањето мора да биде трајно означена на стеблото од стап–термометарот предвиден за делумно потопување. Ако точката на потопувањето е под најниската црта на скалата, линијата на потопувањето мора да биде означена во вид на прстен кој сосема го опфаќа стеблото на термометарот. Ако точката на потопувањето е над најниската црта на скалата тогаш линијата на потопувањето мора да биде означена на грбот од термометарот.

Цртата што ја означува длабочината на потопувањето на стеблото на термометрите со заштитена скала, предвидени за делумно потопување, мора да биде трајно означена на грбот од плочката што ја носи скалата.

Член 20

На термометрите со заштитена скала кој кои плочката што ја носи скалата не е затопена за врвот на термометарот, мора да постои црта со дебелина приближно еднаква на дебелината на цртите на скалата, која претставува референтна црта. Референтната црта треба да е нанесена на десната страна на заштитната обвивка во нивото на најниската црта на скалата или на најниската бројка на скалата за да може лесно да се забележи поместувањето на скалата.

Член 21

Ако скалата се добие со нагризување, во вгравираните црти, броеви и натписи се нанесува боја која не смее да се симнува под нормални услови на употреба или под други посебни услови.

Член 22

Најголемата дозволена грешка на температурата мора да биде помала или еднаква на вредноста на поделокот на скалата кога термометарот е во вертикална положба и при атмосферски притисоци на средината, во утврдени услови на потопување и средна температура на непотопениот дел од термометарот.

За термометри што имаа вредност на поделокот еднаква на 0,01 °C, 0,02 °C или 0,05 °C, како и за термометри чијшто мерен опсег опфаќа температури поголеми од 300 °C, најголемата дозвозена грешка не смее да биде поголема од вредноста на три поделоци на термометарот, и таа мора да биде дадена за термометарот.

Член 23

Натписите и ознаките на термометарот мораат да бидат испишани за еден од јазиците и писмата на народите односно народностите на Југославија.

Натписите и ознаките на термометарот мораат да бидат јасни, добро видливи во работни услови и испишани така што да не може да се избришат или снимнат.

Член 24

На термометарот мораат да се наоѓаат следните натписи и ознаки:

1) фирма односно назив или знак на производителот;

2) ознака на длабочината на потопувањето дадена во mm или како посебна ознака во вид на црта и сл., за термометри со делумно потопување;

3) „complete" или „целосно" или соодветна кратенка; за термометри предвидени за целосно потопување

4) „total" или „потопување" или соодветна кратенка; за термометри предвидени за потопување

5) фабрички број и година на производство;

6) ознака на единицата на температурата во која мери термометарот °C;

7) службена ознака на типот на термометарот, ако е извршено испитувањето на типот.

Член 25

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 02–600/1
4 мај 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за мери
и скапоцени метали,
м–р **Милан Межек**, с. р.

490.

Врз основа на член 30 ст. 1 и 4 од Законот за стандардизација („Службен лист на СФРЈ", бр. 38/77 и 11/80) во согласност со претседателот на Сојузниот комитет за енергетика и индустрија и претседателот на Сојузниот комитет за труд, здравство и социјална заштита, директорот на Сојузниот завод за стандардизација пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ТЕХНИЧКИТЕ НОРМАТИВИ ПРИ ПРЕВОЗОТ НА ЛУЃЕ И МАТЕРИЈАЛ ПО ОКНАТА НА РУДНИЦИТЕ

Член 1

Во Правилникот за техничките нормативи при превозот на луѓе и материјал по окната на рудниците („Службен лист на СФРЈ", бр. 4/80 и 12/85) во член 6 ставот 4 се менува и гласи:

„Без оглед на начинот на кој се затвораат вратите, кај ракувачот на извозната машина мора да се предвиди сигнализирање со помош на сијалици кои предупредуваат дали се вратите затворени или отворени, а поред упатството за работа на извозната постројка. Со соодветно електрично блокирање мора да се онневозможи давање на извршен сигнал на готовост и ставање на извозната машина во движење ако некои врати се отворени".

Член 2

Во член 39 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Извозните машини за превоз на луѓе и материјал мораат да имаат маневарска кочница со компримиран воздух или течност под притисок, или со комбинација на пружини и компримиран воздух односно со комбинација на пружини и течност под притисок што служи само за отворање на кочниците.

Резервоарот за компримиран воздух мора да има капацитет за најмалку шест работни кочења, а резервоарот за течност под притосок за најмалку три работни кочења. Тие резервоари мораат да бидат снабдени со регулатори на притисокот. Кај кочниците со пружини кај кои притисокот на течноста се употребува само за отворање на челуста на кочниците, во хидрауличниот систем може да биде вградена пумпа која за сето време на работа на постројката мора да произведува работен притсок.".

Член 3

Во член 40 ставот 4 се менува и гласи:

„На манометарот мораат да бидат со уочлив знак обележени максималниот и минималниот притисок. На соодветен инструмент кај кочниците со пружини мора да биде овозможено читање на максималната и минималната сила на кочењето.".

Член 4

Во член 41 ставот 2 се менува и гласи:

„Кочниците можат да дејствуваат на исти кочни венци и да имаат исти кочни лостови. Сигурносната кочница мора да има тег или пружини кои дејствуваат без удар сосема независно од маневарската кочница.".

Член 5

Во член 86 ставот 7 се менува и гласи:

„Кога довозувачот и одвозувачот дале свој сигнал, извршни сигнали може да дава автоматски посебно вграден посреднички сигнален уред. Посреднички сигнален уред смее да се употребува само при превоз на материјал. Кај автоматско програмирано управување, при возење на луѓе за давање извршен сигнал, може да се користи посебен уред, кој е составен дел на тој програмиран систем на управување со извозната машина.".

Член 6

Во член 122 по став 2 се додаваат два става, кои гласат:

„Одредбата на став 1 од овој член не се однесува на превоз на луѓе со машина со автоматско програмирано управување.

Ако превозот на луѓе се врши со машина со автоматско програмирано управување, мора да биде присутен ракувач на извозната машина, кој мора внимателно да ја следи работата на извозната машина и на нејзините сигнално-сигурносни уреди".

Член 7

Во член 149 ставот 4 се брише.

Досегашните чл. 5 и 6 стануваат чл. 4 и 5.

Член 8

По член 149 се додава нов член 149а, кој гласи:

„Член 149а

Ако при натоварењето или растоварењето на долги и тешки предмети извозниот сад по исклучок мора да се премести најмногу за неговата височина, а притоа вратата на одвозиштето или навозиштето мора да остане отворена, мораат да се преземат технички мерки за заштита со кои ќе биде оневозможен пристап во незаштитениот отвор (слободен профил) на окното. По завршеното натоварење односно истоварење вратата мора да се затвори пред задвижувањето на машината.

Превоз на долги и тешки предмети се врши само со рачно управување.".

За превоз на долги и тешки предмети мора да се изработи посебно упатство.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 07-93/59
27 февруари 1987 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
стандардизација,
Вукашин Драгојевиќ, с. р.

491.

Врз основа на член 66 став 1, во врска со член 65 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници („Службен лист на СФРЈ", број 7/85), Собранието на Заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници донесува

ОДЛУКА

ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ НА АКТИВНИТЕ ВОЕНИ ЛИЦА

1. Старосните, инвалидските и семејните пензии се усогласуваат со движењето на номиналните лични доходи на активните воени лица во 1987 година така што од 1 јануари 1987 година се зголемуваат за процентот за кој се зголемени личните доходи на активните воени лица од соодветен чин односно класа.

2. Основ за усогласување на пензиите од точка 1 на оваа одлука е износот на старосната, инвалидската и семејната пензија во јануари 1987 година, со тоа што во основот за усогласување на семејната пензија не влегува заштитниот додаток.

3. Повеќе уживатели на семејна пензија по едно решение се сметаат, во смисла на оваа одлука, како еден уживател.

4. Вкупниот износ на пензијата усогласена според оваа одлука и на додатокот кон пензијата на носителите на „Партизанска споменица 1941", на лицата одликувани со Орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година не може да го примине износот на најголемиот месечн личен доход на член на Претседателството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

5. Усогласувањето на пензиите според оваа одлука ќе се изврши по службена должност без донесување на посебно решение.

6. Пензиите усогласени според одредбите од оваа одлука што се остварени по 1 јули 1983 година ќе се исплатат во согласност со одредбите на чл. 83 и 169 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување на воените осигуреници.

7. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 28-1
24 април 1987 година
Белград

Собрание на заедницата за социјално осигурување на воените осигуреници

Заменик на претседателот
на Претседателството
генерал-потполковник,
Алојз Весич, с. р.

492.

Врз основа на член 59 став 1, а во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „CORRIERE DELLA SERA"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Corriere Della Sera", број 72 од 26 март 1987 година, кој излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/11
8 мај 1987 година
Белград

Сојузен секретар за внатрешни работи,
Доброслав Ќулафиќ, с. р.

493.

Врз основа на член 59 став 1, а во врска со член 13 од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74), сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „DOMENICA DEL CORRIERE"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Domenica Del Corriere", број 14 од 2 април 1987 година, кој излегува на италијански јазик во Милано, Италија.

Бр. 650-1-12/10
8 мај 1987 година
Белград

Сојузен секретар за внатрешни работи,
Доброслав Ќулафиќ, с. р.

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за Стратегијата на технолошкиот развој на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 32/87, се поткраднале долу наведените грешки, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА СТРАТЕГИЈАТА НА ТЕХНОЛОШКИОТ РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

1. Во точка 1. Цели во ставот 3 алинеја 6 по зборот: „субјекти" се додаваат зборовите: „и подобро користење".

2. Во точка 3. Критериуми за вреднување на технологиите, утврдување на приоритетите, заедничките проекти и заедничките програми, по зборот: „приоритети" се брише запирката.

3. Во точка 3.3. Диференцирана поддршка на достигање на целите, во потточката 2. Насочен сектор (1) Инвестиции, во алинеја 2 зборовите: „(до 50% од вкупните трошоци на проектот)" се бришат.

Од Службата за законодавство на Собранието на СФРЈ, Белград, 19 мај 1987 година.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Одлуката за определување на највисокото ниво на цените на нафтата и нафтените деривати и за формирање на цените на тие производи во прометот, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 34/87, се поткрала долунаведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКОТО НИВО НА ЦЕНИТЕ НА НАФТАТА И НАФТЕНИТЕ ДЕРИВАТИ И ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА ТИЕ ПРОИЗВОДИ ВО ПРОМЕТОТ

Во точка 2 одредба под 5 во четврта алинеја наместо бројот: „75,518" треба да стои бројот: „70,518".

Од Сојузниот комитет за законодавство, Белград, 20 мај 1987 година.

УСТАВЕН СУД НА ЈУГОСЛАВИЈА

ОДЛУКА

ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСТАВНОСТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ЧЛЕН 4 СТАВ 1 ТОЧКА 4 И ЧЛЕН 6 СТАВ 3 ОД ЗАКОНОТ НА СР СРБИЈА ЗА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ И ТАРИФНИОТ БРОЈ 4 НА ТАРИФАТА НА КОМУНАЛНИТЕ ТАКСИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАЈДАНПЕК И НА НИВНАТА СПРОТИВНОСТ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

1. Работната организација за патишта „Заечар" – Заечар поведе пред Уставниот суд на Југославија постапка за оценување на уставноста на одредбите на член 4 став 1 точка 4 и член 6 став 3 од Законот за комуналните такси („Службени гласник СР Србије", број 25/79) и на одредбите од тарифниот број 4 на Тарифата на комуналните такси на подрачјето на Општина Мајданпек („Службени лист општине Мајданпек", број 22/79), како и за оценување на спротивноста на тие одредби со одредибте на чл. 416 и 430 од Законот за здружениот труд. Предлагачот смета дека оспорените одредби не се согласни со Уставот и со наведените одредби од Законот за здружениот труд поради тоа што со нив е определено комунална такса да се плаќа на фирмата на организацијата на здружен труд и на називот на основната организација на здружен труд и во случај на истакнување на фирма односно на назив на градилишта и работни единици наведувајќи дека со Законот за здружениот труд е определена обврска за истакнување на фирмата и називот само на деловни простории во седиштето на организацијата на здружен труд.

2. Со оспорените одредби од Законот е определено комунални такси да можат да се воведуваат за користење простор на јавни површини и за истакнување фирма или назив на деловни простории, со тоа што, во смисла на тој закон, како фирма се смета секој назив или име што упатува на тоа дека општествени и граѓански правни лица односно работни луѓе вршат определена дејност или занимање.

Со оспорените одредби на Тарифата е определено за истакнување на фирми или називи на деловни места да се плаќаат годишни такси во износи различно определени за одделни дејности.

3. Собранието на СР Србија, со актот број 434-20005/86 од 25 март 1987 година, даде одговор на предлогот за поведување постапка, во кој наведе дека оспорените одредби од Законот и Тарифата се согласни со Уставот и дека не се во спротивност со Законот за здружениот труд. Во одговорот истакна дека со одредбте на чл. 416 и 430 став 3 од Законот за здружениот труд е уредено секоја работна организација да има фирма, а основната организација – назив и дека тие се должи фирмата односно називот да го истакнат на деловните простории. Воведувањето на обврски за плаќање на комунална такса на фирмата односно називот, како и тоа што се смета како истакнување на фирма односно назив во смисла на плаќање на комунална такса е предмет на законодавата политика на републиката односно на автономната покраина.

Собранието на Општина Мајданпек, со актот број 43-13/85 од 25 октомври 1985 година, одговори дека оспорените одредби на Тарифата ѓи донела во согласност со Законот за комуналните такси.

4. Со член 264 став 1 од Уставот на СФРЈ е определено системот, изворите и видовите такси да се уредуваат со закон. Во согласност со оваа уставна одредба, со оспорените одредби на Законот се утврдени видовите на комунални такси, па и такса на фирмата.

Со одредбите на чл. 416 и 430 од Законот за здрудениот труд не се пропишуваат обврски за плаќање на комунални такси за истакнување на фирмата односно називот, па оспорените одредби од Законот и Тарифата не можат ниту да бидат во спротивност со наведените одредби од овој сојузен закон.

5. Уставниот суд на Југославија, врз основа на член 375 од Уставот на СФРЈ и член 37 од Деловникот на Уставниот суд на Југославија, на седницата од 15 април 1987 година, донесе

Одлука

Се одбива предлогот да се утврди дека одредбите на член 4 став 1 точка 4 и член 6 став 3 од Законот на СР Србија за комуналните такси и на одредбите од тарифот број 4 на Тарифата на комуналните такси на подрачјето на Општина Мајданпек не се согласни со Уставот на СФРЈ и дека се во спротивност со Законот за друженото труд.

Оваа одлука Уставниот суд ја донесе во состав: претседател на судот Иван Франко и членови на Судот: Божидар Булатовиќ, д-р Александар Фира, д-р Васил Гривчев, Радко Мочивник, Јаким Спировски, Милосав Стијовиќ, Душан Штрбац, д-р Јосиф Трајковиќ и Рамадан Враниќи.

У. бр. 270/86
15 април 1987 година
Белград

Претседател
на Уставниот суд на
Југославија,
Иван Франко с. р.

СОДРЖИНА:

Страна

481. Одлука за измена на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извозот и увозот — 885

482. Одлука за височината на надоместот за задолжителен здравствен преглед на растенијата во прометот преку границата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — 885

483. Решение за определување на сезонските гранични премини за меѓународниот поморски сообраќај — — — — — — — — — — — — — — 886

Страна

484. Правилник за стручната подготовка, стручната обука, испитите, дозволите и овластувањата на воздухопловно-техничкиот персонал и на воздухопловниот персонал на техничка подготовка — — — — — — — — — — — — — — — — — 886

485. Правилник за метролошките услови за фотометриски сијалици со усвитено волфрамово влакно-мерила на светлосна јачина — — — — 893

486. Правилник за метролошките услови за уредите за испитување на протечни мерила на количина на флуид,со мерна дијафрагма — — — — 894

487. Правилник за метролошките услови за апаратите за мерење тврдост по Викерс (од HV5 до HV 100) — — — — — — — — — — — — — — — — 895

488. Правилник за метролошките услови за апарати за мерење тврдост по Бринел — — — — — 897

489. Правилник за метролошките услови за стаклени термометри полнети со течност — — — — 898

490. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за техничките нормативи при превозот на луѓе и материјал по окната на рудниците — — — — — — — — — — — — — — — — — — 900

491. Одлука за усогласување на пензиите со движењето на номиналните лични доходи на активните воени лица — — — — — — — — — 901

492. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Corriera della Sera" — — — 902

493. Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Domenica del Corriere" — — 902

Исправка на Одлуката за Стратегијата на технолошкиот развој на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — — — — — — — — 902

Исправка на Одлуката за определување на највисокото ниво на цените на нафтата и нафтените деривати и за формирање на цените на тие производи во прометот — — — — — — — — 902

Одлука за оценување на уставноста на одредбите на член 4 став 1 точка 4 и член 6 став 3 од Законот на СР Србија за комуналните такси и на одредбите од тарифниот број 4 на Тарифата на комуналните такси на подрачјето на Општина Мајданпек и на нивната спротивност со Законот за друженото труд — — — — — — — — — — — 902

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Ги молиме ценетите претплатници при уплатата на претплатата за „Службен лист на СФРЈ", при рекламации, дополнителни порачки и сл. задолжително да го наведат претплатниот број кој се наоѓа со вашата адреса на налепницата во горниот лев агол.

Ова ни е потребно со цел побрзо и поефикасно да одговориме на вашите барања.

Редакција на „Службен лист на СФРЈ"

Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристића бр. 1. Пошт. фах. 226. – Директор и главен и одговорен уредник ВЕЉКО ТАДИЋ. – Уредник КРСТЕ ПЕТРЕСКИ, тел. 650-155 лок. 35. – Печати: Белградски издавачко-графички завод, Белград, Булевар војводе Миш[illegible]а бр. 18.